Република Северна Македонија
ОПШТИНА ЗРНОВЦИ
Бр. 08-1121/1
13.11 2025 год.
ЗРНОВЦИ

## ЗАПИСНИК ОД ПРВА КОНТИТУТИВНА СЕДНИЦА

Од одржаната Прва Конститутивна Седница на Советот на општина Зрновци одржана на ден 12.11.2025 год. со почеток во 12:00 ч, во просториите на Општина Зрновци во Зрновци. На седницата беа присутни 9 советници. Останати присутни: Градоначалникот на Општина Зрновци г-динот Ванчо Митев,Виктор Анакиев-претседател на претходниот Совет на Општина Зрновци, Методи Николов , Благој Данев и Милена Крушарева Велкова– записничар.

Седницата ја почна Претседателот на претходниот совет на Општина Зрновци, Виктор Анакиев, кој го прочита и дневниот ред.

На седницата беше предложен следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Избор на Верификациона комисијата;
2. Извештај на Верификационата комисија;
3. Полагање и потпишување на свечена изјава на членовите на Советот;
4. Избор на Претседател на Советот на Општина Зрновци;
5. Предлог-Решение за формирање и именување на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања.

**Тек на седницата**

1. **Избор на Верификациона комисијата**
   Борче Веселинов како најстар член од Советниците продолжи со седницата,за секоја точка одделно од предложениот дневен ред. По однос на првата точка за избор на Верификациона Комисија, која треба да биде составена од 3 (три) члена, Борче Веселинов ги предложи Снежана Крстевска , Илија Ристов и Лидија Николова за членови на Верификационата комисија. Бидејки друг не даде предлог , Предлогот за избор се усвојува. За претседател на Комисијата е избран Илија Ристов. Оваа точка не се гласа.

2. **Извештај на Верификационата комисија**
   Илија Ристов како избран Претседател на Верификационата комисија , пред Советот и присутните советници го прочита Извештајот на истата.

3. **Полагање и потпишување на свечена изјава на членовите на Советот**
   Сите советници на Советот на Општина Зрновци, дадоа и потпишаа свечена изјава.

4. **Избор на Претседател на Советот на Општина Зрновци**
   По оваа точка збор зеде најстариот член на Советот, Борче Веселинов, и предложи советниците да дадат предлог за да се избере Претседател на Советот на Општина Зрновци. Советничката

Лидија Николова даде предлог за Претседател на Совет и го предложи советникот Тоше Николов. Советничката Љупка Ѓорѓиева Атанасова даде предлог за Претседател на Совет и го предложи советникот Благој Бошков. Бидејќи никој друг не достави предлог, точката е ставена на гласање. Најпрво се гласаше предлогот на советничката Лидија Николова која го предложи советникот Тоше Николов за Претседател на Советот.Гласаа 4 (четири) советници ЗА.
Се пристапи и кон гласање на вториот предлог од советничката Љупка Ѓорѓиева Атанасова која го предложи за Претседател на Совет, советникот Благој Бошков. Предлогот беше ставен на гласање. Гласаа 5 (пет) советници ЗА.
Со повеќе гласа ЗА , за Претседател на Советот на Општина Зрновци се избра Благој Бошков, и истиот ќе раководи со седници на Советот во наредните четири години.

5. **Предлог-Решение за формирање и именување на Комисија за мандатни прашања, избори и именувања**
   По оваа точа збор зеде Претседателот на Советот, Благој Бошков, и предложи советниците да дадат предлог за да се формира и именува Комисија за мандатни прашања, избори и именувања, која треба да е составена од 5 (пет) советници.. Советничката Љупка Ѓорѓиева Атанасова даде предлог за Снежана Крстевска, Александар Андонов, Љупка Ѓорѓиева Атанасова,Сара Коцева и Тоше Николов. Советничката Лидија Николова даде предлог за Тоше Николов, Борче Веселинов, Лидија Николова, Сара Коцева и Александар Андонов.

   Советот пристапи кон гласање. За првиот предлог на советничката Љупка Ѓорѓиева Атанасова гласаа 5 (пет) советници ЗА, 2 воздржани, 0 против Се пристапи и кон гласање на вториот предлог од советничката Лидија Николова.Предлогот беше ставен на гласање. Гласаа 4 (четири) советници ЗА. Предлогот на советничката Љупка Ѓорѓиева Атанасова се усвои со 5(пет) гласа ЗА, со што е формирана и именувана Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања во состав: Снежана Крстевска, Александар Андонов, Љупка Ѓорѓиева Атанасова, Сара Коцева и Тоше Николов.

   По исцрпување на дневниот ред седницата заврши во 12.30 часот.

Записничар
Милена Крушарева Велкова

Претседател на Совет
Благој Бошков